МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ — MACEDONIAN BANK FOR DEVELOPMENT PROMOTION

Врз основа на член 62 од Статутот на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје а во согласност со Законот за заштита на лични податоци (Сл.весник на Република Македонија бр.7/05,103/08,124/10 и 135/11) Управниот одбор на банката на ден 02.03.2012 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

Во Правилникот за заштита на личните податоци бр.02-4988/1 од 17.12.2010 година година, во член 2 став 1 точка 1 по зборот " физички " се додава зборот "физиолошки" .

Во точка 6, зборовите "државен орган" се менува со зборовите "орган на државна власт".

Во точка 8 зборовите " државен орган" се менува со зборовите "орган на државна власт", а реченицата „Органите на кои можат да им се откриваат податоците во рамките на истрагата, не се сметаат за корисници во смисла на овој закон." се брише.

Во точка 10 се менува и гласи:

"10. Посебни категории на лични податоци се лични податоци кои го откриваат расното или етничкото потекло, политичкото, верско, филозофско или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето, вклучувајќи ги и генетските податоци, биометриските податоци или податоци кои се однесуваат на или сексуалниот живот."

**Член 2**

Во член 6 став 2 алинеа два се менува и гласи:

„ за заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци или на друго лице ако тоа има физички недостатоци кои го спречуваат да даде согласност или е деловно неспособно да даде согласност. „

**Член 3**

Во член 11 став 1 алинеа два, се бришат зборовите "планираниот обем и "

**Член 4**

Во член 17 став 3 се брише.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Управен одбор
главен извршен директор
Драган Мартиновски

главен оперативен директор
Кенан Идризи